***СПОГОДБА ЗА СОРАБОТКА***
***МЕЃУ***
***ПОСТОЈАНИОТ ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖАТА***
***ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА***
***И***
***НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКАТА АРБИТРАЖА***
***ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ЈУГОСЛАВИЈА***

Постојаниот избран суд - Арбитражата при Стопанската комора на Македонија и Надворешно-трговската арбитража при Стопанската комора на Југославија, верувајќи дека пошироката примена на трговската арбитража ќе придонесе за стабилноста на економските трансакции меѓу Македонија и Југославија, се договорија за следното:

**Член 1**

Двете институции ќе им препорачаат на македонските, односно на југословенските претпријатија кои се ангажирани за економски трансакции меѓу Македонија и Југославија во меѓусебните договори да ја вметнат следната арбитражна клаузула (одредба):

"Сите спорови што ќе произлезат од овој договор, или што се во врска со него, ќе се решаваат по пат на арбитража. Местото на арбитражата ќе биде во земјата во која живее тужената странка.

Во случај ако тужената странка е едно претпријатие од Македонија, арбитражата ќе ја води Постојаниот избран суд - Арбитражата при Стопанската комора на Македонија во согласност со нејзините прописи.

Во случај ако тужената странка е едно претпријатие од Југославија, арбитражата ќе ја води Надворешно-трговската арбитража при Стопанската комора на Југославија, во согласност со постојните прописи на трговската арбитража."

**Член 2**

Двете институции ќе соработуваат во промовирањето на меѓународната трговска арбитража меѓу двете држави и ќе разменуваат информации и мислења корисни за спроведувањето на оваа спогодба.

**Член 3**

Оваа спогодба ќе биде наречена "Спогодба за македонско-југословенска арбитражна соработка". Спогодбата е составена во четири идентични примероци на македонски и на српски јазик, а влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Постојан избран суд-Арбитража**
**при**
**Стопанската комора на Македонија**
**Претседател,**
**Проф. д-р Александар Николовски**

**Надворешно-трговска арбитража**
**при**
**Стопанската комора на Југославија**
**Претседател,**
**Проф. д-р Мирко Васиљевиќ**

*15.11.1999 год.*
*Скопје*